Меѓународен Универзитет Визион - International Vision UniversityUniversiteti Ndërkombëtar  Vizion - Uluslararası Vizyon Üniversitesi

Adres: Ul. Major C. Filiposki No.1, Gostivar –North Macedoniatel: +389 42 222 325, www.vision.edu.mk ,  info@vision.edu.mk

Со цел зачувување на достоинството на професијата и развивање и унапредување на моралните вредности на универзитетската заедница, Сенатот на Меѓународен универзитет Визион врз основа на член 94 став 1 алинеја 43 од Законот за високото образование („Службен весник на Република Северна Македонија" број 82/18 и 178/21) и член 97 став 1 алинеја 44 од Статутот на Универзитетот, на XLIII –та седница одржана на ден 7.9.2023 година, го усвои следниот

# ЕТИЧКИ КОДЕКС
# НА МЕЃУНАРОДЕН УНИВЕРЗИТЕТ ВИЗИОН

## Преамбула

Етичкиот кодекс на Меѓународен универзитет Визион (во понатамошниот текст: Универзитетот) има за цел на членовите на универзитетската заедница да им ги приближи етичките начела според кои тие треба да се водат во професионалниот живот и во секојдневното одлучување.

Етичкиот кодекс ги регулира етичките начела кои треба да ги почитуваат сите членови на универзитетската заедница.

Со прифаќањето на Етичкиот кодекс на Универзитетот вработените се обврзуваат доследно да ги почитуваат пропишаните етички начела и правила кои обезбедуваат заштита на интересот на Универзитетот, личниот углед и достоинство, угледот и достоинството на студентите и сите останати правни субјекти со кои наставниот и ненаставниот кадар на Универзитетот соработува.

Етичкото однесување произлегува од личната посветеност на етичките начела и деловните правила како и од желбата да се настапува со морален интегритет.

Доброто деловно расудување и здравиот разум треба да бидат одлучувачки во случаи кога Етичкиот кодекс не регулира во целост или делумно одредено прашање или околност.

## Предмет на уредување

Член 1

Предмет на Етичкиот кодекс на Универзитетот се основните етички начела како и формирањето на комисиите и постапките за спроведување на Етичкиот кодекс.

## Опфат

Член 2

Етичкиот кодекс на Универзитетот се применува на лицата избрани во наставно-научни, наставно-стручни, научни, наставни и соработнички звања, кои вршат високообразовна дејност (во понатамошниот текст: наставен кадар) и лицата вработени во стручната и административната служба и помошно-техничките лица (во понатамошниот текст: ненаставен кадар) на Универзитетот.

Етичкиот кодекс важи и за други лица кои не се вработени на Универзитетот, доколку учествуваат во работата и дејноста на Универзитетот, како и на институциите со кои Универзитетот има склучени договори за меѓусебна соработка.

**Цел на Етичкиот кодекс**

Член 3

Цел на Етичкиот кодекс на Универзитетот е зачувување на достоинството на професијата, зачувување на достоинството, угледот и интегритетот на личноста, како и зачувување на угледот и интегритетот на Универзитетот и неговите единици.

Целта на Етичкиот кодекс на Универзитетот се остварува со почитување на основните етички начела од страна на лицата утврдени со овој Етички кодекс.

**Важност**

Член 4

Етичкиот кодекс важи при вршење високообразовна, научноистражувачката и применувачката дејност, во текот на работното време, надвор од работното време, при јавни настапи и други активности на лицата од член 2 на овој Етички кодекс, без оглед дали се настапува како вработен на Универзитетот, или од друга институција, организација и слично.

## 1. ОСНОВНИ ЕТИЧКИ НАЧЕЛА

Член 5

Основните етички начела опфаќаат: начела на морално оправдано однесување, етички неприфатливи однесувања и посебни етички правила во наставната, научната и уметничката работа.

### 1.1. НАЧЕЛА НА МОРАЛНО ОПРАВДАНО ОДНЕСУВАЊЕ

**Начело на автономија**

Член 6

Членовите на универзитетската заедница имаат право автономно да дејствуваат. Автономното дејствување на членовите на универзитетската заедница е ограничено согласно статусот на членот во универзитетската заедница и целите на Универзитетот.

Членовите на универзитетската заедница не треба да се попречуваат во професионалниот развој и усовршување.

Членовите на универзитетската заедница имаат обврска и одговорност правично, чесно и непристрасно да се однесуваат кон другите.

**Право на академска слобода**

Член 7

Слободата на мислење и изразување е основна вредност во сите сегменти на универзитетската работа.

Академската слобода е слобода на секој член на универзитетската заедница да ја извршува својата активност во согласност со Уставот и законите.

Членовите на универзитетската заедница во своите истражувања треба да се водат од идејата за слобода на научното и уметничко творештво.

**Начело на мирно користење на правата**

Член 8

Универзитетот на секој член на универзитетската заедница треба да му обезбеди уживање и почитување на сите права загарантирани со Уставот и законите кои се остваруваат во рамките на универзитетската заедница.

**Начело на колегијалност**

Член 9

Членовите на универзитетската заедница треба да негуваат односи на соработка засновани на меѓусебно почитување и разбирање, како и почитување на достоинството на личноста во согласност со загарантираните права на живот, интегритет и достоинство.

На членовите на универзитетската заедница им се гарантира правото на приватност.

**Начело на интегритет**

Член 10

Членот на универзитетската заедница е должен да го почитува интегритетот на Универзитетот и на единиците во негов состав.

Универзитетот и единиците се должни да го почитуваат интегритетот на другите единици и интегритетот на секој член на универзитетската заедница и другите лица од член 2, став 2 од овој Етички кодекс.

Членот на универзитетската заедница е должен да работи совесно, внимателно, одговорно и посветено, според своето најдобро знаење.

**Начело на еднаквост и праведност**

Член 11

Секој член на универзитетската заедница треба да се однесува во согласност со начелото на еднаквост и праведност, на начин што се забранува секаква форма на дискриминација, злоупотреба, вознемирување или експлоатација.

На членовите на универзитетската заедница треба да им се обезбедат еднакви услови за остварување на професионалните обврски, искажување на интелектуалните способности и напредување.

**Начело на професионализам**

Член 12

Членовите на универзитетската заедница треба совесно, стручно, одговорно, чесно, непристрасно и професионално да ги исполнуваат своите обврски кон студентите, колегите и другите вработени на Универзитетот.

Членовите на универзитетската заедница при своето дејствување треба да ги почитуваат начелата на објективност, непристрасност, промисленост, коректност, дијалог, дискреција и толеранција како и да ги почитуваат педагошките обврски.

**Начело на почитување на законот и правните постапки**

Член 13

Од членовите на универзитетската заедница се очекува да ги почитуваат сите законски прописи и правни постапки во врска со нивните обврски како членови на универзитетската заедница.

Универзитетот има обврска да обезбеди услови за запознавање на членовите на универзитетската заедница со сите релевантни правила во врска со нивните обврски.

На членовите на универзитетската заедница треба да им се обезбеди можност да ги остварат своите права и интереси и да учествуваат во постапката за утврдување повреди на начелата на Етичкиот кодекс, со право да се изјаснат за соодветните наводи, изнесувајќи ги своите аргументи, како и да им се обезбеди рамноправна положба во постапката во однос на другите учесници кои се во иста или слична положба.

## 1.2. ЕТИЧКИ НЕПРИФАТЛИВИ ОДНЕСУВАЊА

**Дискриминација**

Член 14

Во универзитетската заедница не е дозволена каква и да било форма на директна и индиректна дискриминација врз основа на раса, боја на кожа, потекло, национална или етничка припадност, пол, род, сексуална ориентација, родов идентитет, припадност на одредена група, јазик, државјанство, социјално потекло, образование, религија или верско уверување, политичко или друго уверување, попреченост, возраст, семејна или брачна состојба, имотен статус, здравствена состојба, општествен статус или кој и да било друг основ кој е регулиран со закон или со ратификуван меѓународен договор.

**Вознемирување**

Член 15

Секаква форма на вознемирување меѓу членовите на универзитетската заедница се забранува.

Под вознемирување се подразбира секое несоодветно однесување кон друго лице, чија цел е повреда на неговото лично достоинство и попречување во извршувањето на работните задачи или намалување на неговиот квалитет на живот.

За вознемирување се смета и секој акт, поединечен или повторен, вербален,

невербален или физички, кој создава или придонесува за создавање непријатни и непријателски работни и образовни околности, или со кој се заплашува, навредува или понижува друго лице.

Се забранува и сексуално вознемирување како форма на вознемирување која се карактеризира со неприфаќање или одбивање од другата страна, вклучувајќи повторено несакано упатување вербални или физички предлози од сексуална природа кон друго лице, физичко напаствување, повторено несакано изнесување на шеги и забелешки со сексуална конотација, вклучувајќи и упатување на полот и сексуалната ориентација, потсмевање и исмевање со сексуална конотација, изложување на сексуално навредлив и вознемирувачки материјал и барање сексуални услуги во замена за одредено постапување или непостапување од позиција на авторитет.

**Предрасуди**

Член 16

Членовите на универзитетската заедница треба да бидат објективни.

Членовите на универзитетската заедница не смеат да дозволат извесни предрасуди да влијаат врз нивната објективност во академските, истражувачките, административните, деловните и управувачките активности.

Оценувањето на работата и стручната компетентност на членовите на универзитетската заедница не смее да се заснова врз критериуми кои не се директно релевантни за извршената работа или професионални обврски.

## 1.3. ЕТИЧКИ ПРАВИЛА ВО НАСТАВНАТА, НАУЧНАТА И УМЕТНИЧКАТА РАБОТА

**Професионални должности во наставата**

Член 17

Наставниците и соработниците на Универзитетот ги имаат следниве должности:

- стремеж кон постигнување и пренесување висок степен на научно знаење од својата област;
- обезбедување точност, прецизност и репрезентативност на содржината на предметот и соодветна позиција на предметот во рамките на студиската програма;
- стремеж кон тоа студентите ефикасно да ги постигнат целите на предметот;
- понуда на еднакви можности за унапредување на знаењето што им гарантира еднаков напредок на сите студенти;
- обработка на сите теми на отворен, чесен и позитивен начин;
- придонес кон интелектуалниот развој на студентите во областа во која се изведува наставата и избегнување на сите активности што би можеле да го попречат тој развој;
- обезбедување праведно, објективно и навремено оценување на работата на студентите;
- обезбедување транспарентност и јавност на испитите, како и објективност на оценувањето;
- почитување на дигнитетот на колегите и соработка со нив во интерес на

напредокот на студентите;

- почитување на образовните цели, стратегии и стандарди на институцијата каде што се предава во интерес на развојот на студентите;
- воздржување од секакви условувања за полагање на испит со услови кои не се содржани во одредбите на студиската програма и правилата на Универзитетот и единиците, а особено од наметнување услови кои му носат лична економска и друга корист на наставникот;
- земање предвид на мислењето и евалуацијата од студентите, со цел унапредување на квалитетот на наставниот процес.

**Неприфатлива пракса во наставата**

Член 18

Студентите не смеат да вршат препишување, без оглед на начинот на спроведување на испитот и формата на оценување на студентската работа.

За препишување се смета недопуштено примање и давање помош, чија цел е на недозволен начин да се влијае врз правилното оценување на испитите и на другите форми на оценување на работата и резултатите на членовите на универзитетската заедница.

Членовите на универзитетската заедница не смеат да поттикнуваат, олеснуваат и толерираат препишување.

Ако членовите на универзитетската заедница спроведуваат настава или пракса во која учествуваат деца, со нив треба да се постапува почитувајќи ги важечките стандарди за правата и заштитата на децата.

**Користење на луѓе и животни во научни истражувања**

Член 19

Не е дозволено истражување кое може да резултира со зголемен ризик за физички и психички повреди на луѓето, повреди на животните или околината како ниту подржување, потикнување или прикривање на такви дејности кои ги спроведуваат други членови на универзитетската заедница.

Во научните истражувања треба да се применува начелото на свесна согласност врз база на соодветно известување на учесниците. Правата и достоинството на сите кои учествуваат како испитаници и другите учесници во научното истражување треба да бидат заштитени на соодветен начин.

Доколку во активностите од став 2 на овој член учествуваат деца и малолетници треба да бидат обезбедено почитувањето на нивните права во согласност со соодветните правила и стандарди.

Со животните кои се користат за експериментални цели треба да се постапува во согласност со адекватните етички и стручни стандарди.

**Фабрикување (измислување) резултати**

Член 20

Во научноистражувачката работа не е прифатливо фабрикување (измислување) на резултати.

Фабрикување на резултати е секое намерно претставување, ширење и објавување на наводни резултати од научноистражувачка работа, и покрај сознанието дека научната работа и истражувањето што се наведуваат не биле спроведени во реалноста.

**Фалсификување**

Член 21

Секој фалсификат е неприфатлив во научноистражувачката работа.

Фалсификувањето опфаќа секакво дејство пришто спротивно на начелата на научниот интегритет, се манипулира со предмет, опрема или истражувачки процес, со цел намерно прилагодување или тенденциозно толкување на резултатите од научното истражување.

**Плагијаторство**

Член 22

Секоја форма на плагијат на дела и идеи е во спротивност на етичките начела.

Членовите на универзитетската заедница кои учествуваат во научноистражувачка и уметничка работа мора да ја гарантираат оригиналноста на објавените научни трудови и уметнички дела, како и авторството што им се припишува, но и точноста и искреноста при презентирање и наведување информации за потеклото на идеите и наводите кои се користени во трудот.

Од членовите на универзитетската заедница се очекува да ги наведат како автори сите и само оние учесници во процесот на создавање на научниот труд кои интелектуално придонеле за него.

На сите членови на универзитетската заедница им се гарантира заштита на правото на интелектуална сопственост над резултатите од истражувањето и собраните податоци.

При избор или повторен избор за наставнонаучни, наставностручни, наставни, научни и соработнички звања, кандидатите треба да достават Изјава за оригиналност со која ќе потврдат дека секој труд или достигнување на кое се повикуваат е нивен, дека трудовите се оригинален резултат од нивната работа како и дека трудовите не содржат други извори, освен наведените.

**Измислување и преправање препораки**

Член 23

Не е дозволено измислување и преправање на препораки добиени од лица избрани во наставно-научни, наставно-стручни, научни, наставни и соработнички звања.

Не е дозволено измислување и преправање на препораки добиени од високообразовни установи.

Не е дозволено погрешно претставување на академските достигнувања.

**Примање подароци и други добра**

Член 24

Членовите на универзитетската заедница од редот на наставниот и ненаставниот

кадар не смеат да бараат подароци, да поттикнуваат давање или примање какви било подароци за себе или за друго лице, за кои постои разумна претпоставка дека директно или индиректно ќе влијаат врз нивната објективност, исполнување на професионалните обврски и почитување на професионалните права и должности.

**Судир на интереси**

Член 25

Членовите на универзитетската заедница се должни да избегнуваат судири на интереси што може да се предизвикани од семејни односи, блиски пријателства, интимни врски, антагонизми, и слично.

Секоја форма на непотизам што става роднина на одредено лице во привилегирана положба кон други лица кои имаат еднакви или подобри способности, е недопуштена.

**Транспарентност и доверливост**

Член 26

Членовите на универзитетската заедница треба да ја почитуваат вредноста на транспарентноста.

Членовите на универзитетската заедница кои поради својата позиција на Универзитетот располагаат со доверливи податоци треба да ја заштитат тајноста на тие податоци.

**Право и должност на континуирано усовршување и доживотно учење**

Член 27

Членовите на универзитетската заедница имаат право и должност континуирано да се усовршуваат и да инсистираат на подобрување на квалитетот и нивото на сопственото знаење и стручност во рамките на избраната област.

Членовите на универзитетската заедница ги планираат, ги спроведуваат и треба да известуваат за своите научни истражувања.

**Професионално напредување**

Член 28

Оцената на успешноста при реализацијата на професионалните обврски и професионалната компетентност на кој било член на универзитетската заедница треба да биде објективна и непристрасна и да се заснова на претходно дефинирани и транспарентни критериуми.

Секоја форма на директна или индиректна дискриминација во процесот на проценка на условите за професионално напредување како и во самиот процес на напредување е недопуштена.

Универзитетот треба на сите членови на универзитетската заедница да им обезбеди еднакви услови за напредување, да создаде услови за подмладување на научната, уметничката и наставната заедница како и да овозможи стручно усовршување.

Универзитетот можностите за професионално унапредување ги уредува во посебен

Правилник.

## Јавно настапување

Член 29

Свесен за својата општествена одговорност, Универзитетот ги охрабрува членовите на универзитетската заедница на јавно настапување и слобода на изразување, што вклучува настапи пред публика, електронски и социјални медиуми, изразување на своите стручни и научни ставови во весници, книги и списанија, а и со други форми на дејствување во корист на заедницата.

Членовите на универзитетската заедница со повисоко академско звање или професионален статус не смеат да забрануваат или ограничуваат лични јавни настапи на членови на заедницата со пониско академско звање или професионален статус, ниту како и да било да го условуваат таквиот настап.

Членовите на универзитетската заедница овластени за јавно настапување во име на Универзитетот се должни јасно да истакнат дека ги изложуваат ставовите на Универзитетот, при што се очекува да постапуваат во согласност со највисоки етички и професионални стандарди.

## Одговорност кон универзитетската заедница

Член 30

Стручната работа на членовите на универзитетската заедница треба што повеќе да придонесе за реализација на задачите на Универзитетот, единиците и придружните членки.

Членовите на универзитетската заедница треба да се грижат за доброто и интересите на Универзитетот во духот на академската слобода, аргументирана дискусија, критика, толеранција и одговорна и чесна потрага по оптимални решенија.

На членовите на универзитетската заедница не им се дозволува:

- намерно попречување на дејноста што ја спроведува или поттикнува Универзитетот заради остварување на задачите дефинирани преку слободна и аргументирана дискусија;
- каков било вид на дејствување чија цел е создавање привилегирана позиција на поединци или групи на штета на објективните професионални критериуми;
- несовесен однос кон имотот на Универзитетот и оневозможување или отежнување на другите членови на универзитетската заедница да го користат тој имот;
- користење на универзитетскиот имот или погодности за лични, комерцијални, политички, верски, општествени и други неуниверзитетски цели без посебно одобрување;
- поттикнување на другите членови на универзитетската заедница на непочитување на универзитетските правила;
- намерно претставување на личните мислења како официјално мислење на Универзитетот заради стекнување лична корист;
- користење на името или логото на Универзитетот, единиците и придружните членки за приватни активности, со цел неосновано да се создаде впечаток на универзитетски авторитет.

Членовите на универзитетската заедница треба да се однесуваат совесно и одговорно со студентите, колегите и останатите правни субјекти со кои соработуваат во

или вон Универзитетот.

## 2. КОМИСИИ НАДЛЕЖНИ ЗА СПРОВЕДУВАЊЕ НА ЕТИЧКИОТ КОДЕКС

### Повреда на етичките начела

Член 31

Пријавите за повреди на Етичкиот кодекс ги решаваат привремени (ad hoc) Комисии за спроведување на Етичкиот кодекс на Универзитетот.

### Комисии за спроведување на Етичкиот кодекс

Член 32

Комисии за спроведување на Етичкиот кодекс на Универзитетот се формираат како привремени (ad hoc) комисии за решавање на конкретен случај.

Секоја Комисија за спроведување на Етичкиот кодекс на Универзитетот задолжително брои непарен број на членови.

Секоја Комисија за спроведување на Етичкиот кодекс на Универзитетот се формира веднаш по пријавување на потенцијална повреда на некое етичко начело, во состав зависно од тоа кој е потенцијален сторител на повредата, согласно поднесената Пријава.

## 3. ПОСТАПКА ЗА УТВРДУВАЊЕ ПОВРЕДА НА ЕТИЧКИТЕ НАЧЕЛА

### Поведување на постапка

Член 33

Постапката за утврдување повреда на некое од етичките начела се поведува со поднесување Пријава за сторена повреда.

Пријавата мора да биде поднесена во писмена или електронска форма и да биде образложена со сите потребни податоци и докази за лицата, времето, местото и можните сведоци на сторената повреда.

Пријавата задолжително мора да биде потпишана од подносителот.

Комисија за спроведување на Етичкиот кодекс нема да се формира доколку Пријавата е анонимна.

Пријава за повреда на некое од етичките начела може да поднесе:

- ректорот на Универзитетот и деканот на единица на Универзитетот за повреди извршени од наставници и соработници на Универзитетот;
- ректорот на Универзитетот за повреди извршени од деканот на единицата;
- претседателот на Сенатот за повреди извршени од ректорот;
- деканот на единица на Универзитетот за повреда сторена од студенти;
- генералниот секретар, секретарот на единицата на Универзитетот или непосредниот раководител за повреда сторена од вработени од редот на ненаставниот кадар на Универзитетот.

Пријава за вознемирување од член 15 сторено од член на универзитетската заедница има право да поднесе секој член на универзитетската заедница.

Доколку на лицето му се изрече една од мерките утврдени со Етичкиот кодекс, на тоа лице, му престанува функцијата член на соодветното тело.

**Рок за поднесување пријава**

Член 34

Пријавата за сторена повреда се поднесува најдоцна во рок од 8 (осум) работни дена од денот на дознавањето за сторената повреда.

Пријавата за сторена повреда доставена до архивата на Универзитетот надвор од утврдениот рок во став 2 на овој член, со решение се отфрла како ненавремена.

**Постапка на Етичките комисии на Универзитетот по навремена пријава**

Член 35

Доколку пријавата за сторена повреда ги задоволува формалните услови за дозволеност по истата ќе постапува привремена (ad hoc) Комисија формирана за таа цел.

**Постапка на Етичката комисија на Универзитетот**

Член 36

По навремено доставена Пријава за повреда на некое од етичките начела на Етичкиот кодекс, конкретната Етичката комисија на Универзитетот во рок од 7 (седум) дена започнува со спроведување на постапката за утврдување на постоење на повреда.

Во постапката задолжително учествува и сторителот против кого е поднесена пријавата.

Доколку Етичката комисија на Универзитетот утврди непостоење на повреда на конкретното етичко начело со решение ја одбива Пријавата како неоснована.

Доколку Етичката комисија на Универзитетот утврди дека постои повреда на конкретно етичко начело донесува одлука со која му предлага на Сенатот на Универзитетот, наставно-научниот совет/научниот совет/наставно-научниот и уметнички совет, или на ректорот/деканот/директорот да изрече една од следниве мерки: писмена опомена или јавна опомена.

Видот на мерката се одредува во зависност од тежината на повредата и штетата која е нанесена на угледот на Универзитетот, на негова единица или вработен на Универзитетот и активностите што сторителот ќе ги преземе за отстранување на последиците.

Писмената опомена се доставува до сторителот на повредата.

Јавната опомена се објавува на седница на Сенатот на Универзитетот и во Универзитетскиот гласник.

Изречените мерки не ја исклучуваат одговорноста во согласност со други прописи.

**Одлука на Сенатот, наставно-научниот совет/научниот совет/наставно-научниот и уметнички совет, ректорот/деканот/директорот**

Член 37

Одлуката на Сенатот на Универзитетот, наставно-научниот совет/научниот совет/наставно-научниот и уметнички совет и одлуката на ректорот/деканот/директорот е конечна.

## ПРЕОДНИ И ЗАВРШНИ ОДРЕДБИ

Член 38

Надзор над спроведувањето и толкувањето на Етичкиот кодекс врши Сенатот на Универзитетот.

Член 39

Во случај кога има несогласување при толкувањето и примената на начелата на Етичкиот кодекс, членовите на универзитетската заедница се должни да се погрижат спорните прашања најпрво да се решаваат во средината во која се случила повредата или кај надлежните органи и тела на единиците и на Универзитетот, во согласност со одредбите од Етичкиот кодекс, и да го ограничат пристапот до органи и институции вон Универзитетот само во случаи кога тоа е соодветно и неопходно.

Надлежните органи на единиците и на Универзитетот (ректор/декан) се должни да постапуваат навремено заради спречување и сузбивање повреди на Етички кодекс и за таа цел да поведуваат постапки и да преземаат други активности во рамките на својата надлежност, како и претходно да ги истражат сите потпишани пријави во кои е изнесено сомневање во етичкото однесување на членовите на универзитетската заедница.

Член 40

Овој Кодекс влегува во сила со денот на објавувањето во Билтенот на Универзитетот.

**Претседател на Сенат, с.р.**